# Упатство за регистрација и креирање профил

**Добредојдовте на веб страницата Македонско Најдобро**

Ова упатство е наменето да ви помогне брзо и лесно да креирате кориснички профил на веб платформата Македонско Најдобро.
Во него, чекор по чекор, ќе ве водиме низ целиот процес за регистрирање и најавување на платформата. Целта е секој корисник, без разлика на техничкото искуство, успешно да ја заврши регистрацијата и да започне со користење на платформата.

**Чекор 1 – Отворање на веб страницата**

1. **Отворете ја официјалната веб страница Македонско Најдобро.**
2. **На почетната страница, од левата страна, кликнете на копчето „Регистрирај се“.**




**Чекор 2** - Откако ќе кликнете на „Регистрирај се“, ќе се отвори страницата за регистрација.

- **Лево**: краток опис на типовите организации
- **Десно**: формулар за внесување на податоци

**Опции за регистрација**

Имате **три опции** за типови на организација:

- **Земјоделец**
- **Преработувач**
- **Продавач**




## Важна напомена

Сите податоци внесувајте ги **на македонски јазик, со кирилица**.
*Пример:* „Скопје“, „Компанија ДООЕЛ“.

**Регистрација:**

- **Тип на организација** – изберете: земјоделец, преработувач или продавач
- **Име или назив** – личното име или назив на правниот субјект
- **ИДБР / АХВИД / ЕДБ** – внесете го релевантниот број
- **Општина** – одберете ја општината
- **Е-пошта** – активна адреса за контакт
- **Контакт лице** – име и презиме
- **Контакт број** – телефон за контакт (пр. +389 7X XXX XXX)

Кога ќе ги пополните сите полиња, кликнете на **„Регистрирај се“**.



### Чекор 3 — Потврдна е-пошта

По завршување на регистрацијата ќе добиете **е-пошта за проверка** и **верификација** на профилот.

- Отворете ја пораката и следете ги упатствата за верификација




### Чекор 4 - Одобрување и пристап

Откако регистрацијата ќе биде **одобрена**, ќе добиете нова е-пошта со:

- **Корисничко име**
- **Лозинка** за најавување на страницата

Овие подоцна ќе можете да ги промените во **вашиот профил**.

### Чекор 5 - Најава

Со добиеното корисничко име и лозинка, најавете се на веб страницата.



Успешна Верификација Inbox

registracija@makedonskonajdobro.mk

to me

Translate to English

МАКЕДОНСКО Најдобро

## Здраво Петко Трајковски,

Со задоволство ве информираме дека вашата регистрација на платформата „Македонско Најдобро" како Земјоделец е успешно верифицирана на 08/08/2025.

Сега можете:

- Да влезете и да ги користите сите функции на платформата
- Да регистрирате и управувате со сопствени производи или локации

Корисничко име: petko.trajkovski@gmail.com

Иницијална лозинка: Qt8E2szW

Логирајте се тука:

https://makedonskonajdobro.mk/admin

Доколку имате било какви прашања или ви е потребна поддршка, контактирајте нѐ на contact@makedonskonajdobro.mk.

Со почит,

Тимот на „Македонско Најдобро".

Овој е-маил е автоматски генериран. Ве молиме не одговарајте директно на него.

# Упатство за креирање на нов продукт

## Контролна табла

- По успешно најавување, се прикажува **Контролна табла**
- На долниот дел од страницата се наоѓа панелот **Брзи акции**
- Кликнете на копчето **„Креирај продукт“** за да започнете со креирање
- Алтернативно, на **менито** на левата страна изберете **„Каталог“**, па кликнете на **„Продукти“**
  Откако ќе се прикаже листата со продукти, кликнете на копчето **„Креирај“** во горниот десен агол.




## Креирањето на продукт е во 3 едноставни чекори

- **Чекор 1: Избор на тип на продукт**
- **Чекор 2: Информации за продукт**
- **Чекор 3: Избор на локации**




## Чекор 1 – Изберете тип на продукт

- Изберете го типот на продукт, на пример: **Јачмен**
- Кликнете на типот за да го означите
- Потоа, кликнете на копчето **„Следно“** за да продолжите




## Чекор 2 – Информации за продуктот

- Внесете ги потребните информации:
  - **Име на продуктот**
  - **Опис**
  - **Слика**
- Подолу ќе се прикаже **Преглед** – односно како ќе изгледа продуктот на веб-страницата




## Чекор 3 – Изберете локации

- Изберете локации каде што ќе биде достапен производот:
  - Може да изберете една, повеќе, или сите внесени локации
- Имате можност и да кликнете на **„Додај локација“** за да внесете нова локација




### Завршување на креирањето

- Кликнете на копчето **„Креирај“** за да го завршите процесот
- Ќе се прикаже порака за **успешно креирање на продуктот**

### Додатни опции

- Ако сакате да се вратите назад на претходната страница, кликнете **„Претходно“**
- Ако сакате да го откажете креирањето на нов продукт, кликнете **„Откажи“**

## Доделување продукти на продажни центри

- Овој дел од упатството објаснува како да доделите веќе креирани продукти на еден или повеќе центри.




- Во главното мени од левата страна,одберете **„Доделување продукти на продажни центри“**.
- На левата страна од екранот се прикажува листа со сите продажни центри. Можете да ги пребарувате по локација т.е продажен центар или да филтрирате по општина.
- На десната страна се прикажуваат сите достапни продукти. Можете да ги пребарувате по тип или категорија.
- Одберете еден или повеќе продажни центри и еден или повеќе продукти.
- Кликнете на копчето **„Додели продукти“** во горниот десен агол.
- Ќе се појави потврда за успешно доделување.